Project funded by the European Union

КВМ

Коалиција за буџетски мониторинг

Coalition for Budget Monitoring

www.kbm.mk

ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА "КЛЕА"

# ЖГИ „КЛЕА“ Битола
# Коалиција за буџетски мониторинг

## Презентација на наоди за општините од Пелагониски Плански регион: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево, Демир Хисар, Новаци, Могила, Долнени и Кривогаштани

CEA Center for Economic Analyses

ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА CENTER FOR STRATEGIC RESEARCH AND DOCUMENTATION форум

# Предизвик за ЖГИ „КЛЕА“

- Зголемување на информираноста за значењето на транспарентноста на буџетскиот процес, како на организацијата, така и на сите вклучени субјекти во единиците на локалните самоуправи и надвор од нив.

Проектот е финансиран од Европската Унија

- Транспарентноста на буџетскиот процес на општините-услов за демократско општество

    - Граѓаните, односно даночните обврзници, треба да знаат каде, како, колку и за што се трошат нивните пари, кои по разни основи се слеваат во општинските буџети.

- Достапност и адекватност на структурата на документите кои се однесуваат на буџетите и буџетскиот процес

  - На почетокот на мониторингот на веб страните и преку директен контакт со претставници на општинските администрации ја проверивме достапноста на следните општински документи:
    - ♦ Буџетот за 2014год. Квартални извештаи, Годишни извештаи/завршни сметки од спроведувањето на буџетот за 2013год.
    - ♦ Статут на општините
    - ♦ Службени гласници

- **Информации за нашата соработка со претставниците на локалната самоуправа и достапноста на документи**

♦ Советници (контакт податоци,политичка припадност)

♦ Дневен ред (дали е достапен на веб страната пред одржување на седниците на Советот)

♦ Дискусии (дали се достапни записници од седниците на Советот)

♦ Граѓански иницијативи (дали постојат информации за некои иницијативи поврзани со буџетскиот процес)

- Перцепцијата на членовите на Советот на општините во однос на буџетскиот процес

- Перцепцијата на вработените во општините кои се директно вклучени во буџетскиот процес

- Перцепцијата на граѓаните, граѓанските асоцијации и медиумите за буџетскиот процес

## ● Реализирани активности

♦ Направени 47 интервјуа со советниците од деветте општини, од кои 24 советници од опозицијата, 22 советници од партиите на власт и 1 независен советник

♦ Направени 30 интервјуа со вработени во општински администрации, доминантно од одделенијата за финансирање и буџет

- ♦ Интервјуа со претставници на 7 локални телевизии, 14 граѓански организации и 8 граѓани

- ♦ Присуство на 34 седници на совети

- ♦ Поднесени 12 официјални барања за пристап до информации, согласно Законот за пристап до јавни информации (на 5  од нив не добивме одговор)

- Дали влијаевме да се зголеми транспарентноста на буџетскиот процес?

♦ Јавно достапен буџет за 2015 г. на веб страните во сите општини

♦ Јавно достапни квартални извештаи и годишни извештаи/завршни сметки од спроведувањето на буџетот за 2014 г. во поголем дел од општините

♦ Јавно достапен статут на веб страните во сите општини

- ♦ Покрај Ресен  која имаше претходно достапни информации, на наше барање и општините Д. Хисар,Могила и Кривогаштани имаат комплетни информации за членовите на советите и вработените вклучени во буџетскиот процес (контакт тел.електронска пошта)
- ♦ Обновени и ажурирани веб страни во однос на достапност на документи од буџетскиот процес во општините Крушево, Могила, Кривогаштани и Демир Хисар

● Препораки за поголема транспарентност на буџетскиот процес

♦ Објавување на дневните редови за наредните седници на советите

♦ Обезбедување на директен телевизиски или радио пренос на седниците-онаму каде што  постои можност

♦ Достапност на дискусиите од седниците на советите на веб страните на општините

- ♦ Обуки на членовите на советите за структурата на документите и процесот на буџетирање
- ♦ Континуирано и навремено поставување на сите документи од буџетскиот процес на веб страните на општините
- ♦ Изработка на граѓански буџети
- ♦ Достапните буџетски документи на веб страните на општините да бидат лесни за наоѓање (Пр.Битола – ги има сите можни буџетски документи, ама се тешки за наоѓање)

- ♦ Организирање  јавни расправи (мост помеѓу граѓаните и градските власти) во однос на предлог буџетите, годишни извештаи/завршните сметки

- ♦ Организирање на активности од страна на општинските власти со кои граѓаните ќе се информираат за нивното право на посредно и непосредно одлучување, согласно законот за ЛС и статутите на општините